Предлагач: **Градоначалник**

Изготвувач: **Сектор за урбанизам,заштита на животната средина и ЛЕР**

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА

## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД во општина Конче за 2025 ГОДИНА

**Ноември 2024 година**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр. 202/2024) и член 11 став 1 точка 11 од статутот на општина КончеСоветот на општина Конче на седницата одржана на ден 27.11.2024 година ја донесе следната:**

# ПРОГРАМА
# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА КОНЧЕ ЗА 2025 ГОДИНА

**Процена на видот и количеството на различните видови отпад**

Врз основа на Планот за управување со отпад и според резултатите добиени при оцената на состојбата, во општина Конче во 2025 година ќе се создаде околу 970 тони комунален отпад. Од генерираниот отпад се очекува 75% од истиот да биде организирано собран, транспортиран и одложен на депонијата "Крст Чука " одалечена на 1,5 км од Конче. Депонијата се користи од 2006 год, а отпадот се депонира во природно создаден дел (дупка) со можност за експлоатација уште најмалку 10 год. Вкупно зафатената површина на депонијата изнесува 2300 $м^2$ и вкупно депониран отпад од 5000 $м^3$

**Табела 1 -Состав на отпад**

| Фракција | Застапеност (%) | Вкупно (тони) |
|---|---|---|
| Органски отпад | 28,86% | 280 |
| Градинарски | 9,79% | 95 |
| Дрво | 0,51% | 5 |
| Хартија и картон | 12.88% | 125 |
| Пластика | 12,37% | 120 |
| Стакло | 3,09% | 30 |
| Текстил | 0,10% | 1 |
| Инертен отпад(ситен) | 13,40% | 130 |
| Хигиенски | 4,02% | 39 |
| Метали | 0,10% | 1 |
| Неметали | 8,35% | 81 |
| Електронски и елек. | 0, 10% | 1 |
| Опасен отпад | 0% | 0 |
| Градежен шут | 4,12% | 40 |
| Течен исцедок | 3,29% | 32 |
| Вкупно | 100% | 970 |

Мерки, активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад

- ✓ Воведување на систем за собирање на отпад на целата територија на општина Конче.
- ✓ Се препорачува воспоставување на соработка и можности за изградба на постројки за рециклажа( на локално или регионално ниво)
- ✓ Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање

- ✓ Чистење на диви депонии преку повремени акции на граѓаните и ЈКПД Лакавица Конче (расчистување и рекултивација).

**Начин на работа на објектите за преработка и остранување на отпадот**

Комуналниот отпад се собира согласно усвоената годишна програма за вршење на оваа комунална дејност од страна на ЈКПД „Лакавица „ Конче која е во согласност со годишната програма на општина Конче.

Дополнително општината ќе ги користи сите можности за уредување на депонијата (депонијата е оградена, обезбедена машина за покривање на отпадот, водата се обезбедува со цистерна).

Во соработка со ЈКПД „Лакавица „ Конче континуирано ќе се уредува и подобрува состојбата на депонијата ,состојбата во делот на употребата на постојните контејнери и набавените пластични канти за домаќинствата.

Целосно вклучување на сите домаќинства во организираниот начин на собирање на комуналниот отпад .

Целосна примена на веќе изработениот катастар на загадувачи, каде што сите оние индустриски капацитети кои создаваат отпад се евидентирани и врз основа на годишна количина на отпад ќе бидат обврзани да доставуваат годишни програми за сопственото управување со отпад.

Времено ќе се определат места за времено складирање на градежен и друг вид на отпад во населените места од кои отпадот ќе биде утоварен и транспортиран до општинската депонија.

**Мерки и активности за селекција на отпадот, вклучувајки го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот**

Веке се подига отпадот од сите домаќинства .

На 840 домаќинства се дадени пластични канти за отпадот , во кои се одлага комуналниот отпад.

Во 2025 година се предвидува поставување на метални контејнери со капацитет од 1.100 литри на следните локации:

1. На езеро Мантово на 4 локации.
2. Во населеното место Конче на 1 локација.
3. Во населеното место Долни Липовиќ на 1 локација.

**Мерки и активности за потикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад**

За прифаќање на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, во општина Конче ќе се спроведува кампања за компостирање и пресување на пластиката и потикнување на правни субјекти за отворање на соодветни капацитети за истите дејности .

**Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депонијата**

Реализацијата на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите, ќе се спроведе низ едукација на населението .

**Реализација на активности за набивање и покривање на отпад и други потребни активности.**

**Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпадот.**

Мониторингот за 2025 година ќе се спроведе со пополнување на образците за идентификација и транспорт на отпад, како и со изготвување на годишните извештаи за управување со отпадот, кои обрасци се задолжителни за приватните претпријатија, како и за ЈКПД„ Лакавица „ Конче. Мониторингот на состојбата со отпадот ќе се реализира преку база на податоци на ЈКПД „Лакавица „ Конче во соработка со општината.

**Реализација на мерки за спроведување на увоз, извоз и транзит на отпад низ територијата на РСМ**

Реализацијата на оваа мерка ќе се спроведува во согласност на постојната законска регулатива

**Други мерки**

-Активности на диви депонии

-Определување на количините и видот на депониран материјал

-Расчистување и рекултивација

| | **Предвидени активности во програмата на општина Конче за 2023 година** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Акции од планот | Активност | Финансиски средства(ден ) | Забелешка |
| **1.** | Јакнење на административните капацитети | Јакнење на капацитетите на ЈКПД Лакавица Конче и општина Конче | 20.000 | |
| | | Нова организациона поставеност на ЈКПД Лакавица Конче и подобрување на ефикасноста во делот на отпад | 20.000 | |
| | | Зголемување на капацитетите во општина Конче за следење на проблемите во делот на животната средина | 30 000 | |
| | | Техничко доопремување во ЈКПД Лакавица Конче, за подобро следење и ажурирање на податоците во делот на отпад | 50 000 | |
| **2.** | Уредување на постојната депонија (постигнување на технички минимум) | -Интервенции до пристапниот пат до депонијата | 50 000 | |
| **3.** | Мониторинг на управување | -Инвентаризација и предлог мерки за решавање на проблемот со дивите депонии | 60 000 | |
| **4.** | Мерки за подигање на | - Печатење на флаери, брошури | 5 000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | јавната свест | | | |
| **5.** | Регионална соработка | Учество во постапка за воведување на нови рамки функционално управување со отпад | 10 000 | |
| **6.** | Чистење на диви депонии | Чистење на диви депонии | 100 000 | |
| | ВКУПНО | | 345. 000,00 | |

Број 08-1700/13
Дата 27.11.2024
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,